РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Примено: 22.01.2026 г.

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 85/1 | | |


**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] телефонски број [redacted] е-маил адреса: [redacted]

*(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)*

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

*(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)*

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Иманелот ја барам следната информација од јавен карактер: **Податоци за формирање на локален младински совет, младински центар, усвоена локална стратегија за млади и назначен службеник за млади**

*(опис на информацијата која се бара)*

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил -** [redacted]
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**22.01.2026 година**

[redacted]
*e-маил адреса:* [redacted]

[redacted]

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Почитувани,**

**Во прилог на овој мејл, а на основа на Законот за слободен пристап до информацции од јавен карактер, доставуваме барање за пристап до информации од јавен карактер, во однос на спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики, кој стапи во сила на 24 јануари 2020 година.**

Имено, **согласно член 16 и 26** од Законот за младинско учество и младински политики, Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со статут предвидуваат формирање на **локални младински совети во рок од 1 година** од денот на стапување во сила на Законот.

**Согласно член 23 и 26**, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни да одредат **службеник за млади во рок од 1 година** од денот на стапување во сила на Законот.

**Согласно член 22 и 26**, **младинските центри** се основаат во соработка меѓу општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и младинските форми на организирање во **рок од 5 години** од денот на стапување во сила на Законот.

**Согласно член 20 и 26**, општините усвојуваат **Локална стратегија за млади и акциски план** за нејзино спроведување за времетраење од 5 години, **во рок од 1 година** од денот на стапување во сила на Законот.

Имајќи предвид дека, се истечени сите законски рокови за спроведување на обврските предвидени со ЗМУМП, би Ве замолиле во рок од 20 дена од денот на доставување на ова барање, да ни ги доставите следните информации:

1. **Дали е формиран Локален младински совет?**
2. **Доколку е формиран ЛМС: да ни ја доставите документацијата за неговото формирање: јавниот повик за избор на членови на ЛМС; одлуките за избор на членови; моменталниот состав на ЛМС.**
3. **Доколку НЕ Е формиран ЛМС: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМС; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?**
4. **Дали е назначен службеник за млади во општината и негови контакт податоци: email адреса и телефонски број?**
5. **Дали е формиран младински центар?**
6. **Доколку е формиран младински центар: да ни ги доставите одлуката за негово формирање, одлука за избор на организација које ќе раководи со МЦ, контакт информации за организацијата која управува со него, извештај за работата на сите претходни години во кои работел центарот, програма за работа за 2026та година, податоци за издвоени средства од буџетот за 2024, 2025 и 2026та година?**

7. **Доколку не е формиран младински центар: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМЦ; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?**
8. **Дали е усвоена локална стратегија за млади?**
9. **Доколку е, да ни ја доставите стратегијата и акцискиот план.**
10. **Доколку не е, кои се причините што до овој момент не усвоена Локална стратегија за млади; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?**

[redacted] Со ова, дополнително би сакале да истакнеме, дека како [redacted] **стоиме на располагање за било какви информации, податоци и поддршка во процесот на исполнување на законските обврски кои произлегуваат од ЗМУМП.**

**Ова барање го доставуваме на 22.01.2026 година, а согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, го очекуваме речението во рок од 20 дена, односно, најдоцна до среда, 11.02.2026 година.**

**Срдечен поздрав,**
[redacted]

**Административен и програмски координатор**

**Emai** [redacted]
**Телефонски број:** [redacted]
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-85/2
23.01.2026 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-85/1 од 22.01.2026 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-85/1 од 22.01.2026 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Ѓоко Камчев
[redacted]

Изработил: Стефан Димитров [redacted]
Контролирал: Владимир Лазов
Одобрил: Соња Христова Јовановиќ [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-85/3
23.01. 2026 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер пристигнато до Општина Валандово на 22.01.2026 година, Ви ги доставуваме следните податоци:

1. Општина Валандово има формирано Локален младински совет (ЛМС), но важноста на мандот на членовите е измината;
2. Во прилог ви испраќаме документацијата за формирање на последниот ЛМС;
3. Следи процес на нов јавен повик за формирање на ЛМС;
4. Општина Валандово има назначено службеник за млади со контакт информации:

   Име и презиме: Владимир Лазов
   Контакт: e-mail: administracija@valandovo.gov.mk / Тел.: 034 / 382 – 044

5. Општина Валандово сеуште нема формирано младински центар во општината;
6. /
7. Сеуште не е започнат процесот на формирање на Локален младински центар (ЛМЦ), бидејќи во тек беше реновирање на простории кои беа предвидени за ЛМЦ;
8. Општина Валандово има усвоено Локална стратегија за млади со акциски план за периодот 2025-2029 година. Стратегијата е на македонски и на турски јазик;
9. Во прилог ви испраќаме Локална стратегија за млади на Општина Валандово;
10. /

Прилог документи:

- Последен јавен повик за ЛМС
- Записник од последен јавен повик за ЛМС
- Последно решение за верификување на мандати на членови на ЛМС
- Локална стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029)

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер

Владимир Лазов

[redacted]